Врз основа на член 104 став (3) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20 и 78/25), министерката за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на стекнување и распределба на средствата во јавните средни училишта

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на стекнување и распределба на средствата во јавните средни училишта (во натамошниот текст: средни училишта) од партиципација на корисниците на услуги и продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основна и дополнителна дејност и од трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државна управа, проекти одобрени од министерот, донации, спонзорства, легати, подароци, завештанија и други извори согласно закон.

### Член 2

Средства од партиципација на корисниците на услуги средните училишта можат да стекнат од:

- образование на вонредни ученици;
- полагање испити на вонредни ученици;
- образование на ученици/учесници во постсредно образование;
- образование на лица во неформално образование на возрасните;
- валидација на неформално и искуствено (информално) учење;
- диплома, додаток на диплома, свидетелство, додаток на свидетелство, сертификат, додаток на сертификат издадени на вонредни ученици, ученици/учесници во посредно образование и лица во неформално образование и друго;
- преписи на издадени: диплома, додаток на диплома, свидетелство, додаток на свидетелство, сертификат, додаток на сертификат и друго и
- преписи на потврди за фонд на наставни часови.

### Член 3

Средства од продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основна и дополнителна дејност, училиштата можат да стекнат од:

- приходи од работењето на реални училишни компании;
- приходи од продажба на производи и услуги од вршење на основната и дополнителната дејност на средното училиште и
- приходи од услуги за изнајмување на средства и објекти.

### Член 4

Средства од трговски друштва, јавни претпријатија, установи и органи на државна управа и физички лица можат да се стекнат од:

- проекти,
- донации;
- спонзорства;
- легати;
- подароци и
- завештанија и други извори согласно закон.

**Член 5**

Средствата стекнати согласно членовите 2, 3 и 4 од овој правилник се користат за унапредување, осовременување и развој на дејноста во средните училишта, како и за останати потреби на средните училишта.

**Член 6**

Распределбата на средствата стекнати согласно членовите 2, 3 и 4 од овој правилник е следната:

1)Дел од средствата во висина до 50% се искористуваат за следните намени:

- набавка на дидактички средства, опрема и материјали за потребите на училиштето;
- набавка на ИКТ опрема;
- набавка на опрема, алати и машини за практично образование и за потребите на училиштето;
- набавка на материјали за изведување на практично образование и за потребите на училиштето;
- одржување на просториите и училниците за изведување на наставата, како и останатите училишни простории и училишниот двор;
- одржување на постоечката опрема во училиштето;
- набавка на ситен инвентар и други материјали;
- набавка на средства за заштита при работа на учениците, наставните и стручните соработници;
- збогатување на библиотечен фонд;
- обука и стручно усовршување на наставниците и стручните соработници;
- учество на домашни и меѓународни натпревари на учениците и на наставниците и стручните соработници;
- практично образование на учениците кај други партнер училишта во земјата и во странство;
- посета на компании, саеми, семинари, форуми и конференции на учениците и наставниците и стручните соработници во функција на секторот во земјата и во странство и
- истражувања од областа на образованието.

2) Дел од средствата во висина до 20% се искористуваат за обезбедување услови за нови инвестиции за подобрување на просторните и други услови за работа во училиштето.

3) Дел од средствата во висина до 30% се искористуваат за ангажирање на вработените од средното училиште и надворешни лица коишто не се вработени во училиштето.

**Член 7**

Вработените од член 6 став (1) точка (3) од овој правилник се ангажираат за работни задачи надвор од редовното работно време или за работни задачи кои не се пропишани за нивното работно место со актот за систематизација на средното училиште.

Надворешни лица коишто не се вработени во училиштето се ангажираат по потреба и по проценка на директорот на средното училиште.

Висината на надоместоците се уредува со интерен акт донесен од страна на училишниот одбор на средното училиште.

За ангажирањето на лицата од ставовите 1 и 2 на овој член, директорот на средното училиште донесува акт (решение или одлука).

По исклучок од ставот 4 на овој член, доколку се ангажира директорот на средното училиште, за него актот го донесува претседателот на училишниот одбор на средното училиште.

Во средните училишта се води евиденција за актите од ставовите 4 и 5 на овој член.

Од страна на вработеното или ангажираното лице од ставовите 1, 2 и 5 на овој член, се изготвува Извештај за ангажманот, кој се одобрува од страна на директорот на средното училиште, а доколку е ангажиран директорот на средното училиште, Извештајот за ангажманот го одобрува претседателот на Училишниот одбор.

**Член 8**

Дел од средствата стекнати согласно членовите 2, 3 и 4 од овој правилник може да се искористат и за исплаќање на плата за наставен и друг кадар во средните училишта, кој засновал работен однос во постапка согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија од обласа на вработувањето, како и за ангажирање на лица со договор за дело согласно Законот за трансформација во редовен работен однос.

Доколку средното училиште има вработено или ангажирано наставен и друг кадар од став 1 на овој член, од вкупните средства стекнати согласно членовите 2, 3 и 4 од овој правилник прво се исплаќаат средствата за плата од став (1) на овој член, а преостанатите средства процентуално се искористуваат согласно членот 6 од овој правилник.

**Член 9**

По исклучок од членот 6 од овој правилник, средното училиште може да изврши прераспределба на средствата така што ќе го надмине утврдениот процент за одредена намена, под услов соодветно да се намали процентот на средства предвиден за друга намена, при што вкупниот износ на распределените средства не смее да го надмине вкупниот расположлив износ (100%).

За ваква прераспределба е потребна претходно добиена писмена согласност:
– за државните средни училишта – од Министерството за образование и наука, и
– за општинските средни училишта и средните училишта на Град Скопје – од градоначалникот на надлежната општина, односно на Градот Скопје.

**Член 10**

Од страна на средните училишта од членот 1 од овој правилник, најдоцна до 28 февруари во тековната за претходната година, се поднесува Извештај за стекнувањето и распределбата на средствата и тоа: државните средни училишта до Министерството за образование и наука, општинските средни училишта до градоначалникот на општината на чија територија се и средните училишта на град Скопје до градоначалникот на град Скопје.

**Член 11**

За средствата од партиципација на корисниците на услуги согласно член 2 од овој правилник, училишниот одбор на средното училиште донесува ценовник.

За продажба на производи и услуги коишто се резултат на вршење на основна дејност согласно членот 3 од овој правилник, од страна на училишниот одбор на средното училиште се донесува секоја учебна година ценовник, најдоцна до 1 август во тековната учебна година за наредната учебна година.

Ценовникот од ставот 2 на овој член, може да се дополни, односно измени од страна на училишниот одбор и во текот на годината, доколку се работи за сезонски карактер на производство и продажба на производи.

**Член 12**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на стекнување и распределба на средствата во јавните средни училишта со дел. број 20-17268/1 од 30.12.2016 година.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Број_13-8277/1
13.06.2025 година
Скопје

Министерка за образование и наука,
проф. д-р Весна Јаневска, с.р